РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-493/9
14.11.19 год.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ДОДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА КАКО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ ПО ДОВЕРИТЕЛИ

Согласно Законот за финансиска подршка на единиците на локална самоуправа и единките корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани,а неплатени обврски(Службен весник на Република Северна Македонија бр. 209/18) обезбедени се средства од Буџетот на Република Северна Македонија за покривање на 51% од вкупниот пријавен износ на доспеани,а неплатени обврски на општината и единките корисници основани од општината,заклучно со 30.09.2018 година .

Според објавените податоци во Службениот весник бр.209/18 од 15.11.2018 година за износите на пријавени ,а неплатени обврски на општините и единките корисници заклучно со месец септември 2018 година,Општина Крушево има пријавено вкупно 6.746.908,00 денари во ЕСПЕО и тоа :

| | |
|---|---|
| -Општина Крушево има пријавен износ од | 4.205.275,00 ден. |
| -Дом на култура "Наум Наумоски Борче" Крушево износ од | 4.500,00 ден |
| -ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево износ од | 18.399,00 ден. |
| -ООУ "Никола Карев" Крушево износ од | 2.468.412,00 ден. |
| -ООУ "Св.Кирил и Методиј"Бучин-Крушево | 43.182,00 ден. |
| -СОУ "Наум Наумоски Борче" Крушево" износ од | 7.140,00 ден. |

Како финансиска поддршка за финансирање доспеани, а неплатени обврски на општината и единките корисници ,согласнот Законот се обезбедени 51% од вкупниот износ пријавени доспеани, а неплатени обврски на општината и единките корисници и тоа за Општина Крушево се одобрени средства во висина од 3.440.923,00 денари (6.746.908,00 X51%).

Министерството за финансии со цел префрлање на средствата согласно законот по службена должност отвори сметка од тип 789 за секоја општина поединечно ,а ние како општина доставивме документација за отворената сметка согласно Упатството за трезорско работење.

Министерството за финансии ги префрли средствата на посебната наменска сметка во 2018 година,додека трошењето на средствата од наменската сметка ќе се реализира

преку буџетската сметка на општината и единките корисници.Овие средства не може да се користат по основ на извршни решенија.

Средствата обезбедени како финансиска подршка за финансирање на доспеани,а неплатени обврски на општината и единките корисници,износ 3.440.923,00 денари во Буџетот проектиран за фискалната 2019 година на приходната страна се прикажани како дефицитарно финансирање,изразени во член 1 од Одлуката за донесување на Буџетот,додека на расходната страна се планирани на посебната програма А3-Подмирување на доспеани, а неплатени обврски и истите се прикажани согласно правилникот за класификација на расходите.

Спред пријавените обврски за доспеани, а неплатени обврски на општината и единките корисници во ЕСПЕО со 30.09.2018 година,износот за одобрените 51% како финансиска поддршка по корисници изнесува:

-Општина Крушево има пријавен износ од 4.205.275,00 x 51% = 2.144.690

-Дом на култура "Наум Наумоски Борче" Крушево износ од 4.500,00 x 51% = 2.295

-ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево износ од 18.399,00 x 51% = 9.384

-ООУ "Никола Карев" Крушево износ од 2.468.412,00 x 51% =1.258.890

-ООУ "Св.Кирил и Методиј"Бучин-Крушево 43.182,00 x 51% = 22.023

-СОУ "Наум Наумоски Борче" Крушево" износ од 7.140,00 x 51 % = 3.641

**Вкупно: 6.746.908 51% =3.440.923**

Согласно член 8 од Законот - Градоначалникот на општината објави јавен повик до сите доверители за доспеани,а неплатени обврски,за обврските кои се пријавени во ЕСПЕО системот заклушно со септември 2018 година,со цел спогодбено утврдување на износот на обврските во рок од 30 дена од влегувањето во сила на законот.Градоначалникот за обврските на општината ,а за обврските на единките корисници заедно со одговорното лице на единката корисник пристапува кон преговори со сите доверители кои се јавиле на јавниот повик за спогодбено утврдување на износот на обврските,за што се составува и потпишува записник со секој доверител.

Од доделените средства општината на единките корисници распределува најмалку 51 % од доспеаните,а неплатени обврски на единките корисници,а остатокот го распределува за доспеаните ,а неплатени обврски на општината.Распределбата се врши само за единките кои имаат пријавени ,а неплатени обврски во ЕСПЕО системот заклучно со 30.09.2018 година.

Единките корисници на Општина Крушево:

-Дом на култура "Наум Наумоски Борче" Крушево .

-ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево.

-ООУ "Св.Кирил и Методиј"Бучин-Крушево и

-СОУ "Наум Наумоски Борче" Крушево"

пријавените доспеаните,а неплатени обврски во ЕСПЕО системот со крајот на септември 2018 година, можат да ги финансираат самостојно , а веќе им се и измирени . Овие средства може да се користат за финасирање на доспеани,а неплатени обврски на општината или друга единка корисник по претходно дадена изјава од раководното лице на единката корисник и претходно донесена Одлука за одобрување од Советот на општината. Во тој контекс раководителите на единките корисник од :

| | |
|---|---|
| -Дом на култура "Наум Наумоски Борче" Крушево за износ од | 2.295,00 ден. |
| -ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за износ од | 9.384,00 ден. |
| -ООУ "Св.Кирил и Методиј"Бучин-Крушево за износ од | 22.023,00 ден. |
| -СОУ "Наум Наумоски Борче" Крушево" за износ од | 3.641,00 ден. |
| **Вкупно:** | **37.343,00 ден.** |

Донесоа Изјави за преотстапување на одобрените средства за финансиска подршка на општина Крушево.

По јавниот повик за обврските на општина Крушево за долгот на пријавени обврски во ЕСПЕО системот вкупно 4.205.275,00 денари се пријавија само два доверители и тоа ЈП-Комуна Крушево и ЕВН-Македонија.

Записник за спогодбено порамнување се направи со ЈП-Комуна Крушево и тоа заведен под архивски број 03-493/1 од 17.04.2019 година . Пријавена обврска во ЕСПЕО системот со 30.09.2018 година е износот од 1.180.212,00 денари .Во меѓувреме,до денот на записникот извршено е плаќање по основ на фактури бр.40 на износ од 77.283,00 денари, ф-ра бр.26 на износ од 76.493,00 денари и ф-ра бр.76 на износ од 339.132,00 денари. **Останува неплатена обврска по обврската во ЕСПЕО системот уште износ од 687.304,00 денари**. Овој долг ќе се измири од одобрените средства за финансиска поддршка на општината.

Со ЕВН- Македонија скоро целата пријавена обврска е платена во досегашното работење,па за овој доверител не е направен Записник за спогодбено порамнување.

По јавниот повик за обврските пријавени од единките корисници за ООУ "Никола Карев" –Крушево се пријавија 6 доверители со кои е направен записник за порамнувањеТие доверители се:

| | |
|---|---|
| -ДООЕЛ "С А Ш О " - Крушев договорен износ од | 19.165,00 ден. |
| -ДООЕЛ "П А Н Д А "- Крушево договорен износ од | 12.706,00 ден. |
| -ДООЕЛ "Р Е Л Е Б Р О К Е Р "- Крушево договорен износ од | 11.830,00 ден. |
| -ЈП "К О М У Н А "-Крушево - договорен износ од | 750.493,00 ден. |
| -ТП " П Р Е С И Л А К О М Е Р Ц " –с.Пресил договорен износ од | 409.500,00 ден. |
| -ДООЕЛ " Е М Р А Н "с. Борино - договорен износ од | 824.531,00 ден. |
| **В к у п н о договорен износ за ОУ "Никола Карев:** | **2.028.225,00 ден.** |

**Произлегува заклучок дека вкупно договорениот износ по доверители за финансирање на доспеаните ,а неплатени обврски на општината и единките корисници изнесува :**

| | |
|---|---|
| - За Општина Крушево- договорен износ | 687.304,00 ден. |
| - За ОУ – "Никола Карев"- Крушево договорен износ од | 2.028.225,00 ден. |
| **ВКУПНО договорен износ :** | **2.715.529,00 ден.** |

Од извештајот може да се забележи дека ОУ "Никола Карев" Крушево има договорен износ со доверителите за финансирање на доспеаните ,а неплатени обврски на општината и единките корисници во висина од 2.028.225,00 денари. Според ЕСПЕО системот со крајот на септември 2018 година тие имаат пријавено обврски во висина од 2.468.412,00 денари,па 51% најмалку средства или износ од 1.258.890,00 може да користат од одобрените средства за финансиска поддршка.Според договорениот износ со доверителите на ОУ "Никола Карев " му се потребни износ од 2.028.225,00 денари. Му недостасува износ од 769.335,00 денари.Советот на општина Крушево треба да дозволи , да донеси Одлука за одобрување да ОУ –" Никола Карев" –Крушево користи плус 22,36% или износ од 769.335,00 денари од одобрените средства за финансиска подршка за Општина Крушево од страна на Владата.

Во услови кога вкупниот договорен износ на општината и единките корисници по доверители за финансирање на доспеаните ,а неплатени обврски на општината и

единките корисници е помал од доделените средства ,вишокот на средства општината ги враќа на Буџетот на Република Северна Македонија најдоцна до 31.07.2019 година.

На Општина Крушево му се одобрени средства од 3.440.923,00 денари.Според извештајот постигнато е вкупно договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општината во вкупен износ од 2.715.529,00 денари. Разликата од 725.394,00 денари се вишок одобрени средства за финансиска подршка на општина Крушево.Овие средства не може да се искористат бидејќи дел од доверителите пријавени во ЕСПЕО системот со 30.09.2018 година не се пријавија на објавениот јавен повик,а дел од пријавените обврски се исплатени од расположивите средства на буџетската сметка на општината.

Износот од 725.394,00 денари до 31.07.2019 година треба да се вратат на сметката на Буџетот на РСМ.

Според постигнатите договори Општина Крушево пристапи кон измирување на обврските по ЕСПЕО системот и трошење на доделените средства за финансиска поддршка и тоа како следува:

- На 07.06.2019 год со извод бр. 1 од наменската сметка 740014057678993 пренасочени се средства износ од 2.715.529,00 ден. на буџетската сметка 740014057663016. Од оваа сметка преку сметката на органот на општината 7400014057663711 исплатено е спрема доверителите за посигнатите износи според записниците. Општина Крушево на ден **07.06.2019** год. со извод бр. 107 изврши плаќање спрема ЈП Комуна Крушево и тоа сметка за вода износ **7.574,00** ден. конто 421120. За други комунални услуги по фактури износ **143.594,00** ден. на конто 421190. За доисплата на зимско одржување износ од **1.206,00** ден на конто 424320. За други трансфери износ **531.530,00** ден. на конто 464990 и на **18.07.2019** год. со извод бр. 136 за купување на друга опрема износ **3.400,00** ден на конто 480190. Вкупно на ЈП КОМУНА Крушево , Општина Крушево исплати износ од **687.404,00 ден.**

- За Основното училиште "Никола Карев" , Општина Крушево изврши исплати во вкупен износ од **2.028.225,00 ден.** и тоа.

А) на ЈП Комуна Крушево за потрошена вода конто 421120 со извод бр. 142 од **27.06.2019 год**. исплатени се **438.893,00 ден**. и на **19.06.2019 год** . со извод бр. 115 исплатено е за ѓубретарина конто 421130 износ од **311.600,00 ден**. т.е вкупено исплатен износ на ЈП КОМУНА Крушево **750.493,00 ден**.

Б) на ДООЕЛ РЕ-ЛЕ БРОКЕР Крушево за училишен материјал конто 423620 со извод бр. 115 од **19.06.2019 год**. исплатен е износ од **11.830,00 ден**.

В) на ДООЕЛ САШО Крушево за материјали за разни поправки конто 423720 со извод бр. 115 од **19.06.2019 год**. исплатен е износ **19.165,00 ден**.

Г) на ДООЕЛ ПАНДА Крушево за услуги за копирање, печатење и издавање конто 425920 со извод бр. 115 од **19.06.2019 год**. исплатен е износ **12.706,00 ден**.

Д) на ТП ПРЕСИЛА КОМЕРЦ с. Пресил, Крушево за превозни услуги за образование конто 425760 исплатен е износ од **409.500,00 ден**. со извод бр. 115 од **19.06.2019 год**.

Ѓ) на ДООЕЛ ЕМРАН с. Борино, Крушево за превозни услуги за образование конто 425760 исплатен е износ од **824.531,00 ден**. со извод бр. 115 од **19.06.2019 год**.

**Износот од 725.394,00 денари на 05.08.2019 год. со извод бр. 2 се вратат на сметката на Буџетот на РСМ.**

Во предвидениот рок , до 30.11.2019 година Градоначалникот поднесува извештај за искористување на доделените средства како финансиска поддршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители согласно Извештајот за вкупно договорениот износ по доверители за финансирање на доспеани,а неплатени обврски и истиот го објавува на веб страната на Општината на ден ______________

**Прилог кон извештајот** :

- Извод бр. 1 и 2 за тип сметка 740014057678993
- Извод бр. 107, 115, 136 и 142 за тип сметка 740014057663016

Изработел:
Раководител на оддел.
За фин.прашања
Верица Наумоска
_______________________

Градоначалник:
на Општина Крушево
м-р Томе Христоски
_______________________